РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

236

8.2 1

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работата на Комората на извршители на Република Македонија**

**за периодот од 1 февруари 2010**

**до 31 јануари 2011 година**

**Скопје, февруари 2011 год.**

ул. "Максим Горки" бр.8-6 Скопје тел: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelimarm@yahoo.com / komora.na.izvrsiteli@mt.net.mk

## Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Македонија

Моментално, вкупниот број на извршители изнесува 79, истите се распоредени на 11 подрачја на Основните судови во Република Македонија. Измените од минатата извештајна година во однос на бројот на извршители се однесуваат на именување на:

- 5 нови извршители именувани со Решенија на Министерот за правда на Република Македонија на ден 18.08.2010 година со Повелби за именување од 24.09.2010 година

како и престанокот на должност извршител поради смрт на лицата:

- Стојка Николиќ од Штип, со Решение на Министерот за правда бр. 09-1579/2 од 27.04.2010 година и на
- Снежана Камчева од Неготино, со Решение на Министерот за правда бр. 09 – 57/1 од 05.01.2011.

Битно е да се забележи и менувањето на седиште на еден извршител од подрачјето за Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, на подрачјето за Основен суд Битола и Основен суд Ресен.

На барање на Комората 79 извршители на ден 20.01.2011 година, пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови, по чие сумирање, беа изведени следниве податоци:

**Вкупниот број на вработени лица изнесува – 375** (повеќе за 68 лица од минатата година), од кои, 228 се дипломирани правници (повеќе за 51 лица од минатата година), 83 од нив имаат положено правосуден испит, додека 40 имаат положено извршителски испит и 1 со положен нотарски испит.

Вкупниот број на помошници извршители, од анкетираните 79 извршители, изнесува 50, додека бројот на заменици на извршители, вработени кај извршителите изнесува 6 (помалку за 1 лице од минатата година, бидејќи истото е именувано за извршител).

**Во однос на техничката опрема, 79 извршители, во своите канцеларии располагаат со: 434 компјутери**, (повеќе за 89 од минатата година) од кои сите се мрежно поврзани, извршителите располагаат и со **87 возила** за вршење на дејноста. **Вкупната површина на деловните простории** во кои 79 извршители ја вршат својата дејност **изнесува 6.289 м$^2$**.

Во извештајната година, бројот на **вкупно примени барања за извршување кај 81 извршител,** изнесува 109.524, додека бројот на **реализирани барања за извршување** изнесува **35.607.**

**Во минатата година, процентот на завршени предмети изнесува 31, 87%, а во оваа година изнесува 36, 76 % .**

Заради поголема прегледност и јаснотија, во прилог ви ја доставуваме табелата на збирни податоци од 2010 година, од месечните извештаи на сите извршители.

**I . Техничка и кадрова опременост на КИРМ**

Во однос на **техничката опременост** на КИРМ, истата моментално располага со:

- 3 Десктоп Компјутери со MS Office,
- 1 лап топ компјутер,
- 3 принтера,
- 1 факс,
- 1 ЛЦД проектор,
- 2 фотокопира,
- 2 статични телефонски апарати,
- метален сеф,
- фотељи, мебел и работни бироа.

**Кадровскиот капацитет** на стручната служба на КИРМ, моментално се состои од три лица, кои се наоѓаат во редовен работен однос и тоа: секретар на КИРМ, секретар на Дисциплинска комисија на КИРМ и стручен соработник.

**II. Активности на КИРМ**

**II A. Активности на КИРМ преку органите на КИРМ и поважни донесени акти**

**1. Собрание на КИРМ,** (составено од сите именувани извршители и заменици на извршители), во текот на оваа извештајна година има одржано 1 редовно и 2 вонредни Собранија, на кои беа донесени следниве поважни акти:

- на Собранието, одржано на ден **06.02.2010** година едногласно се усвоија:

- годишниот извештај за работа на КИРМ за 2009 година,
- годишниот финансиски извештај за 2009 година и
- планот за наредната година, 2010 година .
- предлог-програмата за работата на КИРМ, изготвена од страна на Комисијата за стручна едукација на извршители и
- предлог-програма за работата на КИРМ, изготвена од страна на Комисијата за информатичка дејност, и
- Одлука со која се усвои предлогот за пресметка на законска затезна камата, па истото и се смета како препорака за заедничко постапување на сите извршители и гласи:

„Извршителите во налозите за извршување издадени врз основа на извршни исправи во кои постои задолжение за споредно побарување – камата согласно

Законот за висината на стапката на затезната камата, ќе им наложуваат на субјектите на кои се однесуваат налозите (носители на платен промет, работодавци, должникови должници и.т.н. досудената камата да ја пресметуваат и наплатуваат заклучно со 31.01.2010 година, како последен ден до кој важеше Законот за висина на стапка на затезна камата – согласно чл. 140 од Законот за изменување и дополнување на законот за облигационите односи („Сл. весник на РМ" бр.84 од 11 јули 2008 година).

Согласно чл. 13 ст. 2 и 3 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр.58 од 11 мај 2006 година) извршителите не се овластени да ја менуваат судската одлука во делот на споредните побарувања – досудената камата согласно Законот за висина на стапка на затезна камата до денот на исплатата и самите да определуваат по која стапка на затезна камата должникот должи камата, се до измената на позитивните правни прописи со кои ќе се регулира ова прашање.".

- **на Собранието,** одржано на ден **29.05.2010 год.** едногласно беа донесени следниве одлуки :

- за измените и дополнувањата на Статутот на КИРМ
- за усвојување на Правилникот за Дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка
- **за избор на Претседател на Комората на извршители на РМ** на **Антончо Коцтанов**, извршител од Скопје.
- **за членови на Управен одбор на КИРМ**, од Апелационото подрачје Скопје се избрани:
  - **Андреја Буневски**- извршител од Скопје;
  - **Златко Пејовски** - извршител од Скопје; и
  - **Јовица Анѓеловски**- извршител од Куманово.
  - од Апелационото подрачје Гостивар е избрана, **Веспа Јакимовска** - извршител од Гостивар.
  - од Апелационото подрачје Штип е избрана, **Саветка Георгиева**- извршител од Струмица.
  - од Апелационото подрачје Битола е избран **Николче Дипевски** - извршител од Битола.
- **за членови на Надзорниот одбор на КИРМ** се избирани: **Верица Велкова** -извршител од Скопје, **Зоран Димов** -извршител од Скопје, и **Биљана Мартиновска** -извршител од Скопје.
- **за членови на Дисциплинската комисија на КИРМ**, од редот на извршителите се избрани:
  - **Алберто Ребула и Гордан Станковиќ**- извршители од Скопје.
- за заменици членови на Дисциплинската комисија на КИРМ, од редот на извршителите се избрани:
  - **Верица Велкова и Христо Јованов** - извршители од Скопје.

- членови на Дисциплинската комисија на КИРМ, од редот на судиите се избрани:
  - **Зорица Цунгаровска** – судија при Основен суд Скопје 2 Скопје и **Софија Миленкова** судија при Основен суд Скопје 2 Скопје.
- за заменици членови на Дисциплинската комисија на КИРМ, од редот на судиите се избрани:
  - **Весна Богдановска** судија при Основен суд Скопје 2 Скопје и **Бошко Богдановски** -судија при Основен суд Битола.
- за член на Дисциплинската комисија на КИРМ, по предлог на министерот за правда е избрана:
  - **Загорка Тноковска –** раководител на сектор за Државна управа, изборен систем и управни надлежности,
- а за нејзин заменик член е избран:
  - **Нуман Лимани** Државен советник.
- за задолжување секој извршител да уплати годишна членарина во Меѓународната организација на судски извршители – МУСИ, започнувајќи од 2010 година, а преку КИРМ.

- <u>**на Собранието**, одржано на ден **10.07.2010 година**,</u> едногласно беа донесени следниве акти :

- Мислење на Комората на извршители на РМ дека Тарифата за награда и други трошоци за работа на извршителите доставена од Министерство за правда на ден 09.07.2010 година со бр. 09- 2646/2 е во целост неприфатлива за членовите на КИРМ.
- Одлука со која Членовите на Комората на извршители на РМ стапуваат во штрајк со работата со почеток на штрајкот со денот на објавување на Тарифата за награда и други трошоци за работа на извршителите бр. 09-2646/2 во Службен весник на РМ.
- Одлука со која барањето за ослободување од овластувањата на извршител со депонирани потписи и печати извршителите, членови на Комората на извршители, да се достави до Министерот за правда на РМ откако ќе биде комплетиран со потписи и печати од сите извршители членови на КИРМ и откако ќе биде донесена и објавена Тарифата разгледана на Собранието од 10.07.2010 год.
- Одлука со која се задолжува Управниот одбор на КИРМ, пред достава до Министерот за правда, да донесе Одлука за предавање на Барањето за ослободување од овластувањата на извршител, откако ќе биде донесена и објавена Тарифата разгледана на Собранието од 10.07.2010 год.
- Одлука со која се именува членови на штрајкувачки одбор, овластен да преговара со Министерството за правда и да дава известувања до медиумите во врска со штрајкот.

- Одлука со која се именуваа членови на Комисија за спроведување на штрајк.

- Одлука со која се овластува Управниот одбор на Комората на извршители на РМ да изготви Упатство за штрајк и да го достави до сите извршители.

- Упатство за работа за време на штрајк , кое како свој предмет ги има содржината и начинот на превземање на извршните дејствија за време на штрајк.

- Одлука со која се дополнува и изменува Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, после член 8 став 4 се додава став 5: " не ги почитува одлуките и актите донесени од страна на Собранието и Управниот одбор на КИРМ "

- **на Собранието**, одржано на ден **29.12.2010 год.** едногласно беа донесени следниве заклучоци :

1. Неприфатлив е доставениот предлог на Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите, од страна на Министерство за правда бр. 09-2646/4 од 27.12.2010 година, а кој предвидува драстично намалување по сите основи во просек од околу 40 %.

2. Евентуално донесување на ваквата Тарифа ќе доведе до:
   - намалување на приходите на извршителите за повеќе од 40%;
   - изнудено отпуштање на повеќе од 30 % од вработените или повеќе од 100 лица;
   - драстично опаѓање на ефикасноста во работењето на извршителите;
   - драстично опаѓање на процентот на успешна реализација и драстично успорување на процесот на реализација на извршните исправи;
   - можно затворање на повеќе извршителски канцеларии- посебно на оние во помалите места, кои работат во најголем процент со мали побарувања и со тоа
   - конечно ќе се загрози системот на извршување на извршните исправи.

3. Комората го потврди својот заклучок и донесените одлуки од Вонредното Собрание одржано на ден 10 јули 2010 година( за стапување во штрајк и други мерки), доколку биде донесена Тарифа за која Собранието на КИРМ не дало позитивно мислење;

4. Прифатливо е разложувањето на ставките за малите вредности до 300 евра во табела 1, како што е предложено.

5. Прифатливо е намалување од 20 % за останатите вредности над 300 евра во табела 1, како и намалување од 20 % за извршните дејствија од Табела 2 ( сега важечка Табела 3).

6. Во случај на прифаќање на предлозите од т. 4 и 5 од овие заклучоци, сметаме дека е неопходно потребно и интервенирање во текстуалниот дел од Тарифата и тоа:

а) во членот 4 став 2 точката да се замени со запирка и да се додадат зборовите:

"освен за реалните трошоци кои произлегуваат од извршните дејствија", односно став 2 да гласи: "Доверителот и извршителот може да се договорат да го одложат плаќањето на цената на извршните дејствија до завршувањето на извршувањето, освен за реалните трошоци кои произлегуваат од извршните дејствија."

б) во член 5 ставот 4 после точката се додава:

"за утврдена вредност на предметот на извршување не се смета вредноста во извршната исправа заради утврдување на таксена основица, согласно Законот за судски такси, во кој случај извршителот ќе наплати 50 евра цена за администрирање и 300 евра награда".

в) член 5 став 7 предлагаме да гласи:

"Награда за реализираната извршна исправа извршителот ја наплатува од должникот во зависност од наплатениот износ."

г) во член 7 став 2 после зборот должникот да се додаде зборот "авансираните" и понатаму да не се членуваат зборовите кои следат, односно ставот 2 да гласи:

"Врз основа на заклучокот за утврдување на трошоци за извршувањето, предвиден како извршна исправа во Законот за извршување, доверителот ги побарува од должникот авансираните: цена за администрирање, цена на извршни дејствија, награда на извршителот за извршените дејствија, реални трошоци и такси."

д) Во членот 11- точката да се замени со запирка и да се додадат зборовите"освен ако се направени по вина на доверителот", односно членот 11 да гласи:

"Извршителот не наплаќа цена за извршни дејствија против кои е изјавен приговор против неправилности при извршувањето, а кои со правосилна одлука на судот се ставени вон сила, освен ако се направени по вина на доверителот."

ѓ) Во членот 14 став 2, зборовите "влегувањето во сила" да се заменат со зборовите: "примената",односно ставот 2 да гласи:

"Со денот на примената на оваа Тарифа сите извршни дејствија кои извршителот ги презема ги наплаќа согласно оваа Тарифа."

е) во член 15, зборовите "во рок од"да се заменат со зборовите: "по истекот на", односно членот 15 да гласи:

"Оваа Тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува по истекот на 15 дена од денот на влегување во сила".

2. **Управен одбор на КИРМ,** (составен од 7 члена), во текот на оваа извештајна година, има одржано 16 седници на УО, на кои беа донесени следниве поважни акти:

- Заклучок со следнава содржина:

„ При пресметувањето на каматите од страна на извршителите, да се постапува по Заклучокот од Врховниот суд и пресметувањето на каматата да се врши така што, ако со извршната исправа е досудена законска затезна камата односно договорна камата, пресметувањето на каматата ќе се изврши од 1 февруари 2010 година, според Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи.
При пополнувањето на налогот до носителот на платен промет по член 202, извршителот во една ставка да го внесе износот на главниот долг, во делот за видот на каматата, доколку има побарување пред 01.02.2010 година, да го внесе видот на досудената камата ( најчесто ЗВЗСК) и да означи дека се работи за наплата на камата до 31.01.2010.
Во следната ставка, повторно да го внесе износот на главниот долг, да означи дека се работи за наплата на долг и камата од 01.02.2010 до денот на исплатата, а во полето за вид на камата, да внесе, за каква камата се работи, во зависност од субјектот. Доколку се работи за казнена камата, да внесе " стапка по казнена камата зголемена за 10% или зголемена за 8 %, а доколку се работи за договорна казнена камата, да ја внесе стапката на договорната казнена камата. Доколку е сработи за побарување во било која странска валута – да внесе: "казнена по Еурибор за евра , зголемена за 8 или 10 % во зависност од субјектот.".

- Одлука за состав на делегацијата на КИРМ за патувањето во Унгарија ( на 14-ти и 15-ти април во Печ, Унгарија)
- Одлука за состав на делегацијата на КИРМ за патувањето во Тирана, Албанија
- Одлука за набавка на слеп легализиран софтвер за потребите на КИРМ.
- Одлука за уплата на име солидарен фонд износ од 120.000 денари за децата на починатиот извршител Стојка Николиќ.
- Одлука за состав на делегација на КИРМ за состанокот во Тирана , 19 -20 април 2010 , во организација на БЕРП
- Одлука за состав на делегација на КИРМ за состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ во Глазгов, Шкотска , 5 и 6 мај 2010.
- Одлука со која се задолжуваат члeновите на Дисциплинската комисија на КИРМ да изготват измени и дополнувања на Правилникот за Дисциплинска постапка и истите да ги достават најдоцна 5 дена пред датумот утврден за одржување на Собранието.
- Заклучок да се побара автентично толкување од Собранието на Република Македонија на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот облигациони односи за тоа која каматна стапка следува во случај кога е одземено земјиште од поранешните сопственици, а Законот за експропријација пропишува камата по есконтна стапка на НБ на РМ, а која каматна стапка не се пресметува после 01.02.2010.
- Одлука за набавка на 80 книги од професор Родна Живковска

• Заклучок: Измените на Статутот на КИРМ да ги изготви Комисијата за едукација и да ги достави до членовите на УО на КИРМ, при што истите да бидат усвоени од страна на УО на КИРМ на седница која ќе се одржи пред одржување на Вонредното Собрание на КИРМ.

• Заклучок: Предлог – Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка да се усвои на од страна на УО на КИРМ на седница која ќе се одржи пред одржување на Вонредното Собрание на КИРМ.

• Заклучок : Се усвојува предлог одлуката за измени и дополнување на Статутот на КИРМ, и истата ке биде предложена на 18-то Вонредно Собрание на КИРМ, за усвојување.

• Заклучок: Се усвојува Предлог правилникот за Дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, и истиот ќе биде предложен на 18-то Вонредно Собрание на КИРМ, за усвојување.

• Одлука со која **за потпретседател на Комората** на извршители на РМ се избира **Златко Пејовски** извршител од Скопје.

• Одлука за одржување на семинар на извршителите на РМ на ден 19.06.2010 година во Дом на АРМ, во Скопје.

• Одлука со која Комората на извршители на РМ, ќе набави, изработи и води - именик на приправници.

• Заклучок со кој се определува извршителот Ангел Костадиновски од Кавадарци, како член од редот на извршителите во Комисијата за селекција на предметите, книгите и документите на извршител Гоце Станкоски, чија должност престана, поради смрт.

• Одлука да се одржи Собрание на КИРМ со цел изготвување на мислење на КИРМ во однос на Предлог Тарифата донесена од Министерот за правда на РМ.

• Одлука за состав на Комисија за изготвување на пречистен текст на Статутот на КИРМ.

• Заклучок: Да се изготви Мислење на УО на КИРМ, во однос на предлог измените на Тарифата на КИРМ, донесени од страна на Министерот за правда на РМ, кое ќе биде предложено за усвојување од страна на Собранието на КИРМ и во најкус рок испратено до Министерот за правда на РМ.

• Одлука за одржување на семинар во периодот од 26-26 септември 2010, во хотел Дрим, Струга.

• Одлука со која за член на комисијата за селекција на предметите, книгите и документите на извршителот Стојка Николиќ, од редот на извршителите, се определува извршителот Валентина Спасова Јованова.

• Одлука за набавка на 19 инчен монитор за потребите на КИРМ.

• Одлука за состав на делегацијата на КИРМ, на средбата на Евродунавската група, која се одржа во периодот од 20-22 октомври 2010 година во Прага, Чешка.

• Заклучок со кој се констатира дека новиот софтвер изготвен од страна на фирмата 4 ward не функционира на задоволително ниво, поради што ќе се иницира повторна средба со претставници од 4ward и ГТЗ, заради решавање на постоечките проблеми.

• Заклучок : Предлозите за поведување на дисциплинска постапка против извршителите Николина Иванова и Зоран Стојловски да ги застапува извршител Саветка Георгиева - член на УО на КИРМ.

• Предлозите за поведување на дисциплинска постапка против извршител Томислав Џумерковски, да го застапува Никотче Дишевски- член на УО на КИРМ.

• Одлука за набавка на 85 книги од Академика со наслов " Закон за Катастар на недвижности".

• Одлука за одржување на семинар на извршители во периодот од 10-12 декември 2010, во хотел " Континентал ".

• Одлука за изготвување на нови : печат, штембил и табла на КИРМ, согласно измените на Законот за грб на РМ

• Одлука за Известување на сите извршители за обврската да ги сменат печатот, штембилот и обрасците, согласно измените на Законот за грб на РМ

• Одлука за поднесување на барање до фирмата ЕЛ-ГО да изврши измена на обрасците, со вметнување на новиот грб на РМ.

• Заклучок за изготвување на Допис до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

• Заклучок за изготвување на Предлог - Правилник за солидарен фонд на КИРМ (од страна на извршител Љупчо Јованов).

• Заклучок за изготвување на Правилник за систематизација на работни места во КИРМ (од страна на извршител Златко Пејовски)

• Одлука за прифаќање на понудата од фирма ЕЛ-ГО за одржување на серверите на КИРМ.

• Заклучок : Да се известат Претседателите на судовите во Прилеп и Крушево дека извршителите не треба да плаќаат такса за одговор на приговор.

• Заклучок: Да се ангажира г-дин Стамен Филипов за изготвување на оценка на уставноста на Правилникот за надзор, до Уставниот суд на РМ.

• Заклучок: Комората на извршители на РМ, да поднесе иницијатива до РМ Министерството за правда, за дополнување на Законот за извршување со што:

- ќе се овозможи извршителите да добиваат информации и податоци од Друштвата за управување со инвестициските фондови и Друштвата за осигурување, и тоа во член 11 став 8 по зборовите права од индустриска сопственост да се додаде "регистар на удели во отворен инвестициски фонд, кој го водат Друштвата за управување со инвестициските фондови, базите на податоци кои ги водат Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување".
- Во член 41 став 1, по зборот банките, се додаваат зборовите"Друштва за управување со инвестициските фондови, Друштва за осигурување и Национално биро за осигурување", и продолжува чл.41 став 1.
- во член 87 став 2, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "с регистриран невладетелски залог."

• Заклучок : Комората на извршители на РМ, да го известува Врховниот суд-оддлелението за граѓанско право, во врска со сите случаеви на неуедначеност на одлуките на претседателите на Основните судови и на Апелационите судови, кога одлучуваат по исти правни прашања. Извршителите кои имаат пресуди со различни одлуки на судовите по исто правно прашање, да ги доставуваат во фотокопија до Комората на извршители на РМ.

• Заклучок: Се прифаќа упатството за начинот на преземање на предметите кои се наоѓаат во Државното правобранителство на РМ заради извршување од страна на Управата за јавни приходи, и за истото да се извести Министерството за правда.

• Заклучок:

- Се формира организационен одбор за прослава на петгодишнината од основањето на КИРМ. Се определуваат следниве лица за членови на организационен одбор: Златко

Пејовски- за претседател; Гордан Станковиќ, Андреја Ќупевски, Благојче Кипровски и Бојана Бабунска- за членови.

- Се обврзува организационен одбор, во рок од 30 дена, да изработи концепт за прославата.
- Главната прослава да се одржи на ден 10 јуни 2011 година.

• Заклучок :Извршителот Дančо Диматчев од Гевгелија да достави писмено барање по однос на нејасното известување од УЈП, по кое УО на КИРМ, ќе се обрати и ќе побара мислење од УЈП за начинот на разрешување на спорните прашања со Снежана Станкоска од Скопје.

• Одлука за одржување на петото Редовно Годишно Собрание, во Скопје, на ден 04.02.2011 година со почеток во 14 часот.

• Заклучок за известување по e-mail на сите извршители, дека КИРМ согласно донесениот Закон за изменување и дополнување на ЗИ, Службен весник на РМ бр.50 од 13.04.2010 година, е должна да води Именик на приправници, во кој ќе бидат запишани сите лица кои работат во канцеларијата на извршител и имаат склучено договор со извршителот, и тоа: договор за волонтирање или договор за приправнички стаж.

## - Одлуки на УО на КИРМ во однос на извештаите доставени од Министерство за правда, по спроведеното вршење на редовниот и вонредниот надзор над извршителите

Согласно одлуката на УО од 19.03.2008 година, сите извештаи од Министерството за правда за извршен надзор над работењето на извршителите, се доставуваат на разгледување до Управниот одбор на КИРМ и во случај да се утврди основ за поведување на дисциплинска постапка Управниот одбор постапката ја иницира во името на КИРМ како овластен законски подносител според чл. 59 став 5 од ЗИ.

Управниот одбор на КИРМ, во извештајната година разгледа вкупно **86 извештаи** за извршен вонреден и редовен надзор над работата на извршителите од страна на Министерството за правда, по повод кои донесе свои мериторни одлуки:

На седницата на ден 10.03.2010 година беа разгледани вкупно 25 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 3 решенија со кои се предлага дисциплинска постапка, 4 одлуки за достава на надлежност на ДК при КИРМ со цел да се спои кон ДП предмет заведен по истата правна работа во врска со ист И.бр.предмет кај извршител, 18 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 1.04.2010 година беа разгледани вкупно 17 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 4 решенија со кои не се иницира дисциплинска постапка, 13 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 21.04.2010 година беа разгледани вкупно 8 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 2 решенија со кои не се предлага дисциплинска постапка и 6 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдило дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на 09.06.2010 година беа разгледани вкупно 19 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 19 решенија со кои не се

иницира дисциплинска постапка против извршител по повод наводите од извештајот за спроведениот надзор Министерството за правда.

На седницата на 19.06.2010 година беа разгледани вкупно 17 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 17 решенија со кои не се иницира дисциплинска постапка против извршител по повод наводите од извештајот за спроведениот надзор Министерството за правда.

3. **Надзорен одбор на КИРМ** (составен од 3 члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано една средба, на која беше донесена донесен Извештај за извршен надзор за финансиско и материјално работење на КИРМ за 2010 година и надзор на финансискиот план на КИРМ за 2011 година.

4. **Комисија за стручна едукација на извршители** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано една средба, на која беше изготвена предлог програма за едукативни активности на извршители за следната 2011 година.

5. **Комисија за меѓународна соработка** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано 1 средба, на која беше изготвена предлог програма за меѓународна соработка на КИРМ за 2011 година.

6. **Комисија за информатичка дејност** (составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано 5 средби, на кои беа превземени активности во однос на разрешување на проблемите произлезени од нефункционалноста на софтверот изготвен од страна на 4WARD за потребите на КИРМ и извршителите. За жал, поради сериозни потешкотии во процесот на договарање со изготвувачите на апликацијата, оваа Комисија, на еден од своите состаноци изготви допис упатен до ГТЗ како институција задолжена за финансискиот дел на целиот проект, во кој беше упатено предупредување дека, во случај на непостапување од страна на 4ward (заради отстранување на неправилностите) ќе биде спроведена независна финансиска ревизија на нивното работење.

7. **Дисциплинската комисија (ДК) на КИРМ** работеше во состав од двајца членови од редот на извршителите и тројца судии од подрачјето на Основниот суд за кое извршителот е именуван, како и тројца заменици членови на ДК од редот на судиите до измените на Законот за извршување (Службен весник на РМ, бр. 50 од 15.04.2010 година) кои стапија на сила на ден 21.04.2010, а започнаа да се применуваат на ден 21.06.2010 година, согласно што на осумнаесетото Собрание на Комората на извршители на РМ, одржано на ден 29.05.2010 година беше избран новиот постојан состав на Дисциплинска комисија со два члена и нивни заменици од редот на членовите на Комората, два члена и нивни заменици од редот на судиите по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда.

До Комората на извршители на РМ во периодот од 1 февруари 2010 год. до 1 февруари 2011 год. беа доставени **вкупно 202 поднесоци** од странки со кои се приговара на работа на извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од